СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***јуни-јули 2024 година***
***ЕУЦ-број 93/2024***

## УНГАРСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Унгарија го превзеде шестмесечното претседавање со Советот на ЕУ, од јули до декември годинава. Мотото на претседателството „Да ја направиме Европа повторно голема" се однесува на активно и проактивно претседателство, земјите-членки заедно посилни и Европа како глобален независен играч.

Програмата на Унгарското претседателство со ЕУ утврдува 7 приоритети и главни насоки:

*Нов европски договор за конкурентност* - претседателството ќе стави силен акцент на подобрување на европската конкурентност, интегрирајќи ја во сите политики, со примена на холистички пристап.

*Зајакнување на европската одбранбена политика* - претседателството ќе стави акцент на зајакнување на Европската одбранбена технолошка и индустриска база, вклучително и иновации во одбраната и унапредување на соработката за одбранбени набавки меѓу земјите-членки, надвор од спроведувањето на Стратешкиот компас кој ги дефинира главните насоки на одбранбената политика на ЕУ.

*Конзистентна политика за проширување базирана на заслуги* - за натамошното проширување и продлабочување на соработката, претседателството ќе ги покани партнерите на консултации во рамките на Самитот ЕУ-Западен Балкан и во Европската политичка заедница.

*Спречување на илегалната миграција* - претседателството ќе посвети особено внимание на надворешната димензија на миграцијата, вклучувајќи ефикасна соработка со релевантни трети земји, поефективни враќања и иновативни решенија за правилата за азил.

*Обликување на иднината на кохезионата политика* - претседателството има за цел да обезбеди стратешка дебата на високо ниво за иднината на кохезионата политика, за нејзината улога во промовирање на конкурентноста и вработувањето и справување со демографските предизвици.

*Земјоделска политика на ЕУ фокусирана на земјоделците* - Промовирањето на одржливото земјоделство е клучен приоритет за да се најде рационална рамнотежа во однос на стратешките цели на Европскиот зелен договор, стабилизацијата на земјоделските пазари и пристоен животен стандард за земјоделците.

*Адресирање на демографските предизвици* - претседателството сака да го привлече вниманието кон овие предизвици - демографската алатка на Европската Комисија од октомври 2023 год. дава добра основа за тоа.

Унгарското претседателство со ЕУ активно ќе ја унапредува соработката со земјите од регионот во областа на правдата и внатрешните работи и ќе ја продолжи работата во рамки на Дијалогот за правда и внатрешни работи ЕУ-Западен Балкан.

https://hungarian-presidency.consilium.europa.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Унгарско претседателство со Советот на Европската унија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Избори за пратеници во Европскиот парламент | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Инвестициски пакет за Западен Балкан | 5 |
| Стратешка агенда на ЕУ за периодот 2024-2029 | 6 |
| Геотермална и нуклеарна енергија во ЕУ | 6 |
| Закон за обнова на природата на ЕУ | 7 |
| Состанок на министрите за надворешни работи на ЕУ и Западен Балкан | 7 |
| Буџет на Европската Унија за 2025 година | 8 |
| 50 години европска соработка за образование и обука | 8 |
| Имплементација на пактот за миграција и азил на ЕУ | 9 |
| Ревизија на зелените политики на ЕУ | 9 |
| Прв европски закон за вселената | 10 |
| Закон за криптовалути | 10 |
| Органско производство во Европската Унија | 11 |
| ЕУ календар / септември 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 11-19 јули 2024 година***

Европскиот парламент официјално беше конституиран на 16 јули 2024 година во Стразбур, по европските избори кои се одржаа на 6 и 9 јуни годинава.

За претседател на ЕП беше реизбрана Роберта Мецола. Таа е трета жена претседател на Европскиот парламент, по Симон Веил (1979-1982) и Никол Фонтен (1999-2002). За да биде избран, на кандидатот му треба апсолутно мнозинство од дадените валидни гласови, односно 50% плус еден.

Во својот десетти мандат, Европскиот парламент има 720 места, 15 повеќе отколку на крајот на претходниот состав. 54% од европратениците се новоизбрани (во 2019 година уделот на новодојдените беше 61%), а учеството на жените е 39% (во 2019 година беше 40%). Лена Шилинг од Австрија (23 години) е најмладата европратеничка, додека Леолука Орландо од Италија (77 години), поранешен градоначалник на Палермо е највозрасен пратеник.

На почетокот на десеттиот мандат ЕП има осум политички групи, една повеќе од претходниот состав. 32 европратеници остануваат независни.

Со 401 глас „за“ од потребното мнозинство од 360 гласа, Европскиот парламент ја избра Урсула фон дер Лајен за претседател на Европската комисија на тајно гласање на 18 јули годинава. Пред гласањето, Урсула фон дер Лајен ги претстави политичките приоритети за следните пет години за време на дебатата со европратениците.

Европратениците го одобрија предлогот за бројот на членови во 20-те комисии и четирите поткомисии на Парламентот, како и неговите 48 постојани делегации.На пленарна седница беа објавени членовите кои ќе заседаваат во секоја од комисиите и поткомисиите на ЕП. Сите комисии ќе ги одржат своите конститутивни состаноци на 23 јули годинава, кога ќе ги изберат своите претседатели и потпретседатели. Претходниот состав на ЕП одобри структурни реформи за помодерен и поефикасен Парламент, менувајќи го начинот на кој комисиите и делегациите се справуваат со нивните соодветни должности. Нивната работа на комитетите на ЕП е насочена кон изготвување, изменување и гласање за законските предлози и извештаи на сопствена иницијатива, како и одржување дебати со претставници на Советот и Комисијата, расправи со надворешни експерти и организирање мисии за утврдување факти. Тие ќе играат клучна улога на претстојните сослушувања на назначените комесари.

Парламентот може да формира поткомитети и специјални привремени комисии за да се занимаваат со конкретни прашања, а исто така може да формира истражни комисии за да ги истражат наводите за злоупотреба на правото на ЕУ. Конференцијата на претседателите на комитетите ја координира нивната работа.

Европратениците го избраа новото Биро на парламентот, со сите 14 потпретседатели и пет квестори. На тајно гласање (со гласачки ливчиња), во првиот круг на гласање беа избрани 11 потпретседатели, а во второто и последно гласање тројца.

Во усвоената Резолуција, која го утврдува првиот официјален став новиот состав на Европски парламент ја повторува континуираната поддршка на европратениците за независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина во нејзините меѓународно признати граници. Ја повикува ЕУ да ја задржи и прошири политиката на санкции против Русија и Белорусија, да ја следи и прегледа нејзината ефикасност и влијание и систематски да се справи со прашањето за заобиколување на санкциите од компании со седиште во ЕУ, трети страни и трети земји.

www.europarl.europa.eu




## ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Изборите за европратеници во земјите членки на ЕУ се одржа од 6 до 9 јуни 2024 година. На изборите Европска народна партија (ЕПП) освои 188 пратеничко место, пред Прогресивна алијанса на социјалистите и демократите (СД) со 136 европратеници.

Трета политичка сила остануваат либералите со 84 мандати, пред десничарската група Европски конзервативци и реформисти (ЕЦР) со 78 и екстремно десничарска групација Идентитет и демократија (ИД) со 77 места. Блокот на Зелените и Европска слободна алијанса (ЕФА) освои меѓу 53 европратеници, а Левицата 46 места.

Останатите 58 мандати во 720-члениот Европарламент им припаднаа на партиите што не се членки на ниту една европска група, меѓу кои се и екстремно десничарската Алтернативата за Германија (АФД), италијанското популистичко Движење Пет звезди (М5С), национал-конзервативната и десно популистичка Фидес на унгарскиот премиер Виктор Орбан, лево популистичката и националистичка Насока-Социјална демократија (Смер-СД) на словачкиот премиерот Роберт Фицо, социјалдемократската Глас-Социјална демократија (Хлас) на претседателот на Словачка, Петер Пелегрини и германската левичарска и популистичка Алијанса на Зара Вагенкнехт (БСВ).

Најголем број европратеници или 96 се избираат во Германија, по што следува Франција со 81, Италија со 76, Шпанија со 61, Полска со 53, Романија со 33, Холандија со 31, Белгија со 22, Грција, Португалија, Унгарија, Чешка и Шведска со по 21, Австрија со 20, Бугарија со 17, Данска, Словачка и Финска со по 15, Ирска со 14, Хрватска со 12, Литванија со 11, Летонија и Словенија со по девет, Естонија со седум и Кипар, Луксембург и Малта со по шест членови во Европскиот парламент.

https://elections.europa.eu/en



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието, Африм Гаши, на 7 јуни 2024 година оствари прва средба по изборот на функцијата со евроамбасадорот Дејвид Гир и со претставници на Делегацијата на ЕУ во земјава. На средбата, амбасадорот Гир изрази очекување дека новиот парламентарен состав ќе работи посветено во остварување на стратешката цел на земјата за полноправно членство во Европската Унија.

Претседателот Гаши го поздрави Планот за раст на Западен Балкан, кој треба да биде поттик за регионот да се подготви за членството во ЕУ. Дополнително изрази задоволство што новата Методологија на ЕУ за проширувањето предвидува засилена улога на парламентите во преговорите.

На 29 јули претседателот Гаши оствари проштална средба со амбасадорот на ЕУ Дејвид Гир на која беа разменети мислења за досегашните постигнувања во рамки на процесот на интеграција на земјата во ЕУ.

На 17 јуни 2024 година, Африм Гаши оствари средба со заменик-министерката за надворешни работи на Република Грција, Александра Пападополу, со која разменија мислења за јакнење на соработката и дијалогот меѓу двете земји на сите полиња, како и за понатамошниот процес на пристапување на земјава во ЕУ. Соговорниците се осврнаа и на соработката на ниво на парламенти, при што претседателот Гаши покажа интерес за организирање официјални посети и истовремено ја информира заменик-министерката Пападопулу дека во Собранието во секој нов мандат се формираат пратенички групи за соработка меѓу двете земји.





На 26 јуни 2024 година претседателот Африм Гаши, оствари средба со Делегацијата од баварскиот Парламент предводена од Герхард Хоп, член на парламентарната Комисија за Европа. Сојузна Република Германија, рече претседателот на Собранието, е наш силен поддржувач во изминатите децении за остварувањето на нашите стратешки цели – претходно членството во НАТО и актуелно, напорите за наше што поскоро зачленување во Европската Унија, за што сме особено благодарни.

Средба со делегацијата остварија и Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика.

Делегација на Комисијата за европски прашања во состав: Игор Здравковски, шеф на Делегацијата и заменик-претседател на Комисијата и членот Миле Лефков, на 29 јули 2024г. учествуваа на Конференцијата на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ (КОСАК), која се одржа во Будимпешта, Унгарија, во рамки на Унгарското претседателство со Советот на ЕУ.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

На 3 јули 2024 година, претседателот Африм Гаши оствари средба со посебниот советник за Западен Балкан, Анжеј Франгеш. „Словенија е пријателска земја, силен поддржувач на евроинтеграциите. Особено се ценат нејзините заложби за одржување на прашањето за проширувањето високо на агендата на Европската Унија“ - истакна Гаши на средбата.





Директорот на Секретаријатот на Енергетската заедница, Артур Лорковски, на 08 јули годинава го презентира Извештајот за имплементација на законодавството на Енергетската заедница во Република Северна Македонија за 2023 година пред Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика и Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање на Собранието.

## ИНВЕСТИЦИСКИ ПАКЕТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Европската комисија на 2 јули годинава, го објави шестиот инвестициски пакет според Економскиот и инвестицискиот план на ЕУ за Западен Балкан, кој се очекува да мобилизира 1.2 милијарди евра инвестиции. Овој пакет ќе поддржи 8 нови водечки инвестиции во водоснабдување и санитација, третман на отпадни води и железнички транспорт, како и иновации и зелена трансформација во малите и средни претпријатија. Инвестициите ќе се реализираат во тесна соработка со партнерите од Западен Балкан и меѓународните финансиски институции.

Инвестицискиот пакет од 1.2 милијарди евра вклучува 300 милиони евра грантови на ЕУ од Инструментот за Претпристапна Помош (ИПА III), дополнителни билатерални придонеси од земјите-членки на ЕУ и Норвешка, заеми од меѓународни финансиски институции и придонеси од економиите на Западен Балкан. Пакетот беше одобрен од Оперативниот одбор на Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) за време на состанокот од 1 до 2 јули годинава.

Новите водечки инвестиции спаѓаат во 3 приоритети на Економскиот и инвестицискиот план:

**Животна средина и клима**: Реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата за водоснабдување и санитација во Црна Гора и Босна и Херцеговина.

**Одржлив транспорт**: унапредување на железничката инфраструктура на Коридорот X, со брзата врска Белград – Велика Плана што овозможува побрз проток на патници и товар во регионот.

**Поддршка на бизнис секторот**: лансирање на нов објект за иновации и зелена трансформација на претпријатијата во регионот.

Како дел од Глобалниот портал, Економскиот и инвестицискиот план на ЕУ за Западен Балкан (2021-2027) има за цел да го поттикне долгорочното закрепнување, да ја забрза зелената и дигиталната транзиција и да ја поттикне регионалната соработка и конвергенција со ЕУ. Усвоен од Европската комисија во октомври 2020 година, Планот мобилизира до 30 милијарди евра инвестиции, вклучително и 9 милијарди евра грантови од ЕУ преку ИПА III, во текот на седумгодишниот период. Од оваа сума, 5 милијарди евра се посветени преку WBIF.

https://ec.europa.eu

## СТРАТЕШКАТА АГЕНДА НА ЕУ ЗА ПЕРИОДОТ 2024-2029



Претседателите и премиери на ЕУ на 27 јуни 2024 година на Самитот на Европскиот совет усвоија Стратешка агенда за периодот 2024-2029 година. Во делот „Подготовка за поголема и посилна унија“, се истакнува дека „постои нова динамика во процесот на проширување“ и дека „и ЕУ и земјите аспиранти имаат одговорност максимално да ја искористат оваа можност“.

Стратешката агенда, која се подготвува на секои 5 години, ги утврдува главните приоритети за следниот институционален циклус, што одговара на мандатот на Европскиот парламент.

Новата Стратешка агенда ја нагласува геополитичката реалност и важноста на проширувањето како геостратешка инвестиција во мирот, безбедноста, стабилноста и просперитетот.

Европската Унија ќе ги охрабри реформските напори, особено во однос на владеењето на правото, како и регионалната интеграција, добрососедските односи, помирувањето и решавањето на билатералните спорови.

Проширувањето е во делот на документот со наслов „Силна и безбедна Европа“. Ги опфаќа прашањата на надворешната политика, безбедноста, одбраната и миграцијата.

Европскиот совет изјави дека ќе го разгледа напредокот во јуни 2025 година и ќе даде дополнителни насоки по потреба.

https://europeanwesternbalkans.com

## ГЕОТЕРМАЛНА И НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА ВО ЕУ




Геотермалната енергија е приоритет под Унгарското претседателство, кое планира „да ја направи пошироко распространета“. Таа има „клучна улога во обезбедувањето енергетска автономија и безбедност“ и исполнување на климатските цели.

Претседателството ја гледа нуклеарната енергија како еден од „столбовите на успехот на зелената транзиција“ и наведува дека ќе ги поддржи иницијативите за промовирање на атомската енергија. Исто така, ја разгледува поддршката за пристап до „таргетираното финансирање на ЕУ за инфраструктурни проекти за природен гас“ кои „ја подобруваат диверзификацијата на изворите и рутите“ со цел зајакнување на енергетската безбедност.

Претседателството вети дека ќе ја „промовира транзицијата кон зелена и климатски неутрална, циркуларна економија“ и „има намера да игра улога во дефинирањето на целите на европската политика за животната средина и климата“ за следниот законодавен циклус.

За време на претстојното претседателство, ќе се одржат голем број меѓународни настани од висок профил, како што се COP16 во Бразил и COP29 во Азербејџан, за кои Унгарија „ќе се подготви, организира и ќе обезбеди застапеност на ЕУ и нејзините земји-членки“.

Претседателството ќе биде домаќин на неколку настани за енергетската политика на ЕУ, вклучително и конференцијата за Стратешкиот технолошки план за енергетска енергија, чија цел е да се поттикне примената на зелените технологии, планирана за есента 2024 година.

https://www.euronews.com

## ЗАКОН ЗА ОБНОВА НА ПРИРОДАТА НА ЕУ



На состанокот одржан на 17 јуни 2024 година во Луксембург, министрите задолжени за животна средина на земјите членки на ЕУ со квалификувано мнозинство го одобрија Законот за обнова на природата на ЕУ, последен чекор во усвојување на регулативата која е дел од Зелениот договор.
Процедурата за усвојување на законот со месеци беше во застој, откако во февруари годинава со тесно мнозинство беше поддржан од Европскиот парламент.
Законот беше усвоен откако Австрија и Словачка, го променија ставот и на гласањето на заседанието на Советот за животна средина во Луксембург го поддржаа законскиот текст. Беше обезбедено квалификувано мнозинство од најмалку 20 земји во кои живеат 65% од населението на ЕУ. Во земјите кои гласаа за Законот за обнова на природата живеат 66% од граѓаните на Унијата.
Законот предвидува обврзувачки цели за обнова на 20% од девастираните екосистеми во ЕУ, како шуми, пасишта, мочуришта, реки и езера, до 2030 и сите останати екосистеми до 2050 година.
Првичната верзија на законот предвидуваше поамбициозни цели, но тие беа „ублажени“ под притисок на протестите на земјоделците, кои бараа отфрлање на регулатива, со тврдење дека таа ја загрозува нивната егзистенција. Под притисок на земјоделците е додадена одредба дека од некои цели би можело да се отстапи доколку се утврди дека тие ја загрозуваат безбедноста на храната.
Законот ќе стапи во сила 20 дена по неговото објавување во Службениот весник на ЕУ.

https://www.consilium.europa.eu

## СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ЕУ И ЗАПАДЕН БАЛКАН



На состанокот на Советот за надворешни работи на ЕУ одржан на 24 јуни 2024 година присуствуваа и шесте министри за надворешни работи од Западен Балкан. На состанокот во фокус беа евроинтегративните процеси на земјите од Западен Балкан, како и модалитетите за зајакнување на соработката и присуството на ЕУ во нашиот регион.
Настанот беше во организација на потпретседателот на Европската комисија и висок претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност, Жозеп Борел. „Подготвени сме дополнително да ја продлабочиме постепената интеграција и да ја прошириме нашата поддршка за партнерите од Западен Балкан“, истакна Борел.
Додаде дека очекува тие да застанат заедно со ЕУ во одбрана на меѓународниот поредок заснован на правила, а особено на Украина, а особено на мерките преземени со цел да се спротивстави на руската инвазија на Украина.

https://www.consilium.europa.eu/

## БУЏЕТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА 2025




На 19 јуни 2024 година Европската комисија го усвои Предлог-буџетот на ЕУ за 2025 година, кој изнесува 191.5 милијарди евра.
Од вкупните средства во Буџетот на ЕУ за следната година, 2.2 милијарди евра се наменети за Инструментот за Претпристапна Помош (ИПА III), а 500 милиони евра за Механизмот за реализација на Планот за раст на Западниот Балкан, како дел од ставката за поддршка на европските партнери и интересите на Унијата во светот.
Со Предлог-буџетот е предвидена континуирана поддршка за земјите од Западниот Балкан, за сириските бегалци во Турција и поширокиот регион на Блискиот Исток, за земјите од јужното соседство на ЕУ наменети за справување со миграцијата, како и за обезбедување стабилна и предвидлива поддршка за Украина.
Предвидено е годишниот буџет на ЕУ да биде надополнет со околу 72 милијарди евра наменети за исполнувањето на политичките приоритети на Унијата, согласно измените извршени во февруари годинава во Повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ до 2027 година.

https://ec.europa.eu/

## 50 ГОДИНИ ЕВРОПСКА СОРАБОТКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА




Белгиското претседателство со Советот на ЕУ и Генералниот секретаријат на Советот на 13 јуни 2024 година, организираа конференција за одбележување на 50 години од Комитетот за образование, подготвително тело на Советот за областа на образованието.
Резолуцијата од 6 јуни 1974 година ги постави темелите за соработка меѓу земјите-членки на ЕУ за образование и обука. Во текот на изминатите пет децении, Комитетот за образование одигра клучна улога во обликувањето на работата на Советот и унапредувањето на европската соработка во оваа област.
На конференцијата учествуваа поранешни и сегашни членови на Комитетот за образование. Херман Де Кро, државен министер и поранешен министер за образование на Белгија ја истакна клучната важност на заемното признавање на дипломите и суштинската важност на образованието и грижата за раното детство, што беше повторено од г-ѓа Рединг.
Засегнати страни од Европската универзитетска асоцијација, Асоцијацијата за образование на наставници во Европа, Платформата за доживотно учење и Европската студентска унија учествуваа на панел дискусија за иднината на Европската образовна област. Тие ги разгледаа можностите за понатамошно унапредување на соработката за образование и обука на ниво на ЕУ.

https://belgian-presidency.consilium.europa.eu

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПАКТОТ ЗА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ НА ЕУ




Европската комисија на 12 јуни 2024 година усвои Заеднички план за имплементација на Пактот за миграција и азил. Планот поставува клучни чекори што треба да ги преземат земјите членки на ЕУ за воспоставување на правните и оперативните капацитети за успешна имплементација на новиот сет на законски акти.

Комисијата ќе ги поддржува земјите членки на секој чекор од имплементацијата, а дополнително агенциите на ЕУ ќе обезбедат и оперативна поддршка во текот на овој процес.

Планот дава образец за националните планови за имплементација кои треба да ги усвојат земјите членки до крајот на 2024 година. Ги групира правните, техничките и оперативните активности во 10 блокови фокусирани на напорите за практична имплементација. Сите блокови се фундаментално меѓусебно зависни и треба да се имплементираат паралелно. Блоковите вклучуваат воспоставување заеднички информативен систем за миграција и азил (Евродак) и на Нов систем за управување со миграцијата на надворешните граници на ЕУ.

Заедничкиот план за имплементација официјално ќе им биде претставен на земјите членки на следниот Совет за внатрешни работи на ЕУ, како основа за подготовка на националните планови за имплементација кои треба да бидат изработени до декември 2024 година.

Комисијата внимателно ќе го следи напредокот постигнат со спроведувањето на Пактот и за тоа редовно ќе ги известува Европскиот парламент и Советот на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## РЕВИЗИЈА НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ЕУ




Полската влада би можела да ја искористи својата позиција како претседател на Советот на ЕУ во првата половина на 2025 година за да ревидира некои важни проекти на ЕУ за климатската политика.

Новиот систем за тргување со јаглеродни емисии на Европската унија, познат како ETS2, се фокусира на згради, патен транспорт и други сектори и може да влијае на полската економија и општество кога ќе стапи на сила во 2027 година.

Системот значително ќе ги зголеми трошоците за домаќинствата кои сè уште се греат со јаглен и други фосилни горива. Просечно греење на домаќинството на гас би потрошило 6.300 злоти (1.500 евра) и 24.000 злоти (5.600 евра) повеќе за греење помеѓу 2027 и 2030 година според системот ETS2.

За да се спротивстави на ова, Полска сака да се обиде да го одложи воведувањето на ETS2 за една или две години. Предлага да се земат предвид различните поједовни точки на енергетската транзиција во одделни земји-членки на ЕУ и да им се покажат индивидуални начини за постигнување одредени климатски цели.

Кабинетот на полскиот премиер Доналд Туск моментално работи на амандмани кои го надминуваат менувањето на системот ETS2 и вклучуваат подлабоки промени во климатската политика на ЕУ, вклучително и фокус на други елементи од пакетот Fit for 55.Се очекува поширока дискусија да започне во првата половина на 2025 година, кога Полска ќе претседава со Советот на ЕУ.

https://www.euractiv.de

## ПРВ ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА ВСЕЛЕНАТА




Брисел ќе го претстави првиот европски закон за вселената во следните месеци. Се повеќе сателити се испраќаат во вселената, повеќето од нив се движат во ниска орбита на околу 1.000 километри од Земјата. Една од причините за ова зголемување е растот на употребата на сателити, како што се метеоролошките или воените, кои можат да се користат и за обезбедување интернет на оддалечените места.
Во орбитата на Земјата има околу 12.500 сателити, според податоците на ЕСА објавени на Европскиот вселенски форум, што се одржа на 24-25 јуни во Брисел.
Кога машините ќе престанат да работат, се распаѓаат или ќе се судрат со некој предмет. Во минатото, сателитите беа незаштитени од овој тип на инциденти, делумно поради тоа што беше тешко да се измени нивната рута, но сега компаниите се обидуваат да ги минимизираат ризиците. Дополнително, сателитите ќе имаат „специфичен тип на штит, така што, во случај на мал судир, елементите на сателитот ќе бидат заштитени“. ЕСА набљудува околу 35.000 парчиња отпад, иако се проценува дека има милиони фрагменти со димензии помали од десет сантиметри. За да го спречи нивното ширење, агенцијата ја започна својата Повелба за нула отпад. Целта на оваа повелба е да се придвижи кон нула до 2030 година.
Предложениот закон требаше да биде претставен оваа пролет, но неговата презентација е одложена.
Според Европската комисија, предлогот ќе земе предвид три столба, вклучувајќи ја безбедноста на сателитската навигација, заштитата на инфраструктурите на ЕУ од сајбер-напади и развојот на европскиот вселенски сектор како „главен овозможувач на услугите“.

https://www.euronews.com

## ЗАКОН ЗА КРИПТОВАЛУТИ



Основната регулатива на ЕУ за крипто стапува на сила. Брисел се обидува да стави крај на измамите и превирањата што ги карактеризираат пазарите како биткоинот.
Новиот режим им нуди на играчите како менувачниците и давателите на паричник шанса да аплицираат за лиценца што ќе им овозможи да работат низ целиот блок.
Брисел се огласи за тоа дека е првата глобална јурисдикција која постави приспособени правила за пазарот на криптовалути - таков што е забележан значителни турбуленции и манипулации.
Новиот режим им нуди шанса на играчите, како менувачниците и давателите на паричник да аплицираат за лиценца што ќе им овозможи да работат низ целиот блок.
Брисел е првата глобална јурисдикција која постави приспособени правила за пазарот на криптовалути –кој е забележан со значителни турбуленции и манипулации.
На 3-ти јуни, Binance, една од водечките светски крипто берзи, истакна дека ќе го ограничи пристапот до неовластени крипто монети штом ќе влезе MiCA.
Тоа се најтешките делови на MiCA и првите што стапуваат на сила - другите одредби, како што се лиценците за размена, со примена започнуваат на 30 декември годинава.
Конечната верзија на MiCA наметнува строги барања за резерва на стабилните коини базирани на еврото и ограничување од милион дневни трансакции за други.

https://www.euronews.com

## ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Земјиштето што се користи за органско земјоделско производство во 2022 година сочинуваше 10.5% од вкупното обработливо земјиште на ЕУ .
Извештајот на Евростат покажа огромно зголемување од 79% на органското земјоделско земјиште помеѓу 2012 и 2022 година.
И покрај овој раст, ЕУ не е на пат да ја постигне целта до 2030 година.
Стратегијата на ЕУ „Од фарма до вилушка“, земјоделско-прехранбената гранка на Европскиот зелен договор, има за цел 25% од обработливото земјиште да биде органско до 2030 година.
Европската агенција за животна средина (ЕЕА) забележа во извештајот за 2023 година дека ЕУ ќе треба речиси двојно да ја удвои сегашната стапка на напредок за да ја постигне оваа цел.
Доколку продолжи сегашната стапка на раст, ЕУ до 2030 година ќе постигне само 15% удел во органското земјоделство, соопшти ЕЕА.
Според извештајот на Евростат, Франција води со најголем број органски хектари меѓу земјите на ЕУ, 2.9 милиони во 2022 година, што претставува 17% од вкупниот број на блокот, а потоа следат Шпанија (2.7 милиони хектари), Италија (2.3 милиони) и Германија (1.6 милиони). Овие четири нации сочинуваа 56% од вкупната органска површина на ЕУ во 2022 година.
Земјите со најголем удел на органска површина беа Австрија (27%), Естонија (23%) и Шведска (20%), проследени со Португалија, Италија, Чешка и Латвија, секоја со нивоа меѓу 15% и 20%.
Спротивно на тоа, Ирска, Бугарија и Малта имаа помалку од 5% од нивната земја под органско земјоделство во 2022 година. Полска беше единствената земја од ЕУ која забележа пад на органското земјоделско земјиште во изминатата деценија, со намалување од 15.4%.
Поголемиот дел од органското земјиште на ЕУ се користи за одгледување обработливи култури како жита, коренови култури, зеленчук, постојани пасишта и постојани култури како што се овошни дрвја, маслинови насади и лозја.

https://www.euractiv.com

*ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2024*

1. *Состанок на Советот за општи работи, 2,3 и 24/09/2024, Брисел;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 16-19/09/2024, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




